вање на националноослободителните цели во дејноста на МРО и во Илинденското востание; м-р Александар Трајановски, Учеството на селанството од Крушевскиот реон во Илинденското востание. Своите трудови за печатење ги приложија: д-р Глигор Тодоровски, Револуционерната организација и Мирцштегската реформна политика; проф. д-р Љубиша Доклестиќ, Општествената и политичката условеност на борбата на МРО за автономија на Македонија; и д-р Славко Димевски, Македонската нација и контроверзите во ВМРО.

По излагањето на рефератите се разви жива дискусија во која зедоа учество повеќе научни работници, и тоа: Христо Андонов Полјански, Христо Андоновски, Живко Василевски, Стеван Габер, Миомир Дашиќ, Данчо Зографски, Владимир Картов, Ристо Кирјазовски, Томе Момировски, Петар Пепељугоски, Ристо Поплазаров, Блаже Ристовски, Александар Христов.

Во поднесените уводни излагања и во дискусијата што се водеше по нив, беше извршена анализа на собраниот историографски материјал, а беа изнесени и некои нови моменти и сознанија за настаните во Македонија од крајот на XIX и почетокот на XX век, како и за одгласот на овие настани и на Илинденското востание во светот.

Од уводните излагања и од дискусиите може да се заклучи дека се дадени нови прилози за Илинденското востание, кои даваат можност во анализата на востанието да се навлезе подлабоко и да се разјаснат условите во кои тоа се развивало.

Благој СТОИЧОВСКИ

## НАУЧЕН СОБИР „УЧЕСТВОТО НА НАРОДНОСТИТЕ ВО НОБ И СОЦИЈАЛИСТИЧКАТА РЕВОЛУЦИЈА НА ЈУГОСЛАВИЈА (1941—1945)“

Во организација на Општинскиот одбор на Сојузот на борците на градот Дарувар, Социјалистичка Република Хрватска од 15 до 18 септември 1983 година беше одржан мошне успешен научен собир на тема: „Учеството на народностите во НОБ и Социјалистичката револуција на Југославија (1941—1945)“. На собирот беа поднесени преку 20 реферати и соопштенија, кои заедно со дискусијата водена по нив, ќе бидат објавени во посебен зборник.

Од Социјалистичка Република Македонија на Научниот собир учествуваше научниот советник од Институтот за национална историја д-р Растислав Терзиоски со реферат под наслов: „Местото на народностите на Македонија под бугарската окупација 1941—1944 година.“

Собирот укажа на многу важни проблеми што чекаат соодветна обработка. Беше укажано на потребата и натаму да се работи на оваа проблематика. Ќе мора и пошироко и подлабоко да се обработи улогата на народностите во НОБ и Револуцијата како и нивниот третман од страна

на окупаторите на Југославија. Беше истакнато дека притоа ќе треба да се анализираат како позитивните така и негативните појави како кај народите, така и кај народностите во Југославија, нивната меѓусебна поврзаност и специфичност. Посебно да се проучи и покаже како кај нашите народи и народности созреваше свеста да се вклучат во НОБ и Револуцијата и сл.

На собирот се укажа и на патиштата по кои би се одело понатаму за да би се работело на оваа проблематика, што секако би дало нови резултати.

Беше истакната и потребата, дека во проучувањето на овие проблеми не треба да се ограничуваме само на воениот период, дека треба да се проучува и поранешниот период особено во надвечерието на војната, кои проучувања би овозможиле вистински согледувања на корените на многу проблеми што подоцна се појавуваат и во периодот на НОВ и Револуцијата. Исто така, се истакна и потребата од поизграден научен методолошки пристап кон натамошна работа на оваа проблематика.

Посебно беше нагласено дека за оваа како и за слична друга проблематика не е доволно само парцијална обработка — за одредени региони и слично, но дека е потребно со тоа понашироко да се зафати југословенската историска наука што би дала и повоопштени резултати и заклучоци. Значајно е исто така, што на собирот беше подвлечено дека е погрешна праксата со проблемите на народностите во научните институции, поединци и сл. да се занимаваат само претставници на соодветните народности што се предмет на проучување. Во врска со ова важно прашање беше покрената дискусија и околу прашањето за создавање на соодветни кадрови и финансирање во оваа област.

Беше истакната потребата да се направи додатен и уште поголем напор архивската, мемоарската и друга корисна граѓа за проблематика на народностите да се открива, да се направи таа подостапна и попрегледна, да се искористат побрзо и подобро живите сведоци кои можат многу работи да објаснат како единствени сведоци. Од разбирливи причини беше нагласено да му се даде приоритет на ова прашање.

На собирот исто така беше истакната потребата во натамошното проучување на насловната проблематика да се вклучат што повеќе млади истражувачи; беше препорачано со тоа посериозно да се занимаваат историските институти и универзитетите кои би овозможиле на оваа тема да се работат семинарски работи, магистерски трудови, докторски дисертации и сл. Со истиот проблем корисно би било да се стимулираат и поединци, волонтери, да се заинтересираат историските музеи и други институции и поединци.

Изнесувајќи ја позитивната оценка за собирот во целина можеме со сигурност да заклучиме дека истиот веќе е и ќе остане драгоцен придонес за побрзото и посолидно проучување на ваках важниот и секогаш актуелен проблем на нашите народности. Во текот на НОВ и Револуцијата 1941—1945 година во заеднички борби со народите на Југославија народностите го дадоа својот можен

придонес и низ таа борба го обезбедуваа патот на заедништвото, слободното и рамноправно живеење. Во заклучната дебата на собирот беше посебно истакната потребата со работата на истиот да се запознаат општествено-политичките фактори во нашата земја пред сè Сојузот на комунистите, Социјалистичкиот сојуз, Сојузот на борците кои заинтересирано го следат овој проблем и секако ќе придонесат за успешното продлабочување на работата поставена на научниот собир.

Собирот ја заврши својата работа во духот на сеопшто расположение и задоволство на присутните што беше едногласно изразено и на пријателниот заеднички прием што го приредија љубезните и гостољубиви домаќини на градот Дарувар, кои навистина многу сторија собирот да биде добро организиран и да протече на најзавидно ниво.

Растислав ТЕРЗИОСКИ

## НАУЧЕН СОБИР „РАСВЕТЛУВАЊЕ НА ЖИВОТНИОТ ПАТ И ДЕЛОТО НА НИКОЛА ПЕТРОВ — РУСИНСКИ"

Во рамките на прославата на 80-годишнината од Илинденското востание и 40 години од смртта на Никола Петров Русински, а во организација на Одборот за прослава, Институтот за национална историја, Филозофско-историскиот факултет и Домот на културата — Берово, од 28 до 29 октомври.. во Берово и во с. Русиново беше одржан научен собир посветен на расветлувањето на животниот пат и делото на Н.П. Русински.

На свеченото отворање на Собирот, покрај голем број научни работници, професори, и ученици присуствуваа: преседателот на МАНУ, академикот д-р Михаило Апостолски, доп. член проф. д-р Данчо Зографски — директор на Институтот за национална историја и други истакнати општествено -политички и културни работници.

Собирот го отвори претседателот на одборот за прослава — дипл. прав. Боро Дракалски, кој од името на собранието на Општината, општествено-политичките организации и граѓаните ги поздрави присутните на овој научен собир. Присутните на овој научен собир ги поздрави и преседателот на Собранието на Општината Берово — дипл. прав. Благој Алексов, кој им посака плодна работа и пријатен престој во Малешевијата. Од името на МАНУ собирот го поздрави претседателот Михаило Апостолски, од името на Институтот за национална историја доп. член д-р Данчо Зографски а од името на Историско-Филозофскиот факултет д-р Димитар Димески. Во продолжението на свеченото отворање мандолинскиот оркестар при ЦОУ „Никола Петров-Русински" од с. Русиново приреди пригодна програма. Откако заврши свечениот дел беше откриена биста на Никола Петров Русински пред која за животот и делото на Русински зборуваше претседателот на ССРНМ за општина Берово Никола Агоски, а свеченото откривање го изврши академикот Михаило Апостолски.